# УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Интернет платформата www.vendor.com.mk е платформа за изработка на електронски продавници (е-продавници) преку автоматизиран процес и нивно изнајмување на корисници, сопственост на Друштвото за програмирање, веб дизајн и трговија ВЕНДОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во натамошниот текст од УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ означено како “Друштвото”, “Сопственик на платформата”, или ”Ние”.

Користење на е-продавница на интернет платформата www.vendor.com.mk и услугите кои ги нуди интернет платформата www.vendor.com.mk е можно единствено по извршено регистрирање на корисник, односно креирање на корисничка сметка наречена Vendor MultiPass за користење на е-продавница и услугите на интернет платформата www.vendor.com.mk.

Е-продавница е со исклучива намена за промоција и продажба на стоки и услуги на корисникот на е-продавницата на потрошувачи.

Со регистрирање на корисник, односно креирање на корисничка сметка за користење на е-продавница и услугите кои ги нуди интернет платформата www.vendor.com.mk, Вие се согласувате со работење согласно УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ и истите ги прифаќате.

Пред да се регистрирате како корисник на е-продавницата неопходно е да ги прочитате, разберете и прифатите УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ на интернет платформата www.vendor.com.mk, како и ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИВАТНОСТ.

## 1.УСЛОВИ И НАЧИН ЗА РЕГИСТИРАЊЕ НА КОРИСНИК

За да пристапите и да ги користите услугите на интернет платформата www.vendor.com.mk неопходно е да се регистрирате како корисник на интернет платформата www.vendor.com.mk и услугите кои ги нуди интернет платформата www.vendor.com.mk.

Регистрирање на корисник е можно единствено ако:

-Имате повеќе од 18 години доколу сте државјанин на РСМ, или доколку сте странски државјанин имате години предвидени со законодавството на државата чиј државјанин сте или сте активен правен субјект запишан при соодветниот Трговски регистар;

-Потврдите дека користењето на е-продавницата е исклучиво за продажба на стоки и услуги кои се дозволени согласно законодавството на РСМ или со законодавството на државата чиј државјанин сте или сте активен правен субјект запишан при соодветниот Трговски регистар;

-Согласни сте адресата на е-пошта што ќе ја наведете при регистрацијата како корисник или адресата на е-пошта што ќе ја ажурирате на вашата корисничка сметка да биде користена како адреса за комуникација со Вас;

-Исклучиво Вие одговарате за безбедноста на Вашето корисничко име и лозинка, при што потврдувате дека интернет платформата www.vendor.com.mk и нејзиниот сопственик, Друштвото за производство, трговија и маркетинг услуги Вендор ДООЕЛ

Скопје, немаат никаква вина за штетата што ќе биде причинета при губење, заборавање или крадење на корисничкото име и лозинката;

-Потврдите дека одговорноста за регистрирање на корисничката сметка и операциите поврзани со продажба на стоки или услуги се исклучиво Ваши и на Вашата е-продавница;

-Сите договори за продажба на стоки или услуги кои ќе бидат склучени се исклучиво помеѓу Вас и потрошувачите и евентуалните штети или побарувања кои ќе произлезат од работењето на е-продавницата одговорноста е исклучиво Ваша, односно интернет платформата www.vendor.com.mk и нејзиниот сопственик, Друштвото за производство, трговија и маркетинг услуги Вендор ДООЕЛ Скопје, немаат никаква вина за предизвиканата штета или нереализираните побарувања;

-Одговорноста за целокупната активност поврзана со продажба на стоки или услуги преку електронската продавница, одржувањето на количини на производите, начинот на извршување на услугите, доставата на производите до потрошувачите и други прашања поврзани со продажбата и доставата на производите и услугите, како и одговорноста за содржините на фотографиите, сликите, видеата, графиките, напишаните текстови, поставените аудио записи, кодови, информации или податоци кои се подигнати, собрани, генерирани, зачувани, прикажани, дистрибуирани, пренесени или изложени на Вашиот кориснички профил или во врска со Вашиот кориснички профил, се исклучиво Ваша одговорност;

-Со внесување на сите барани лични податоци, како и податоците за сметката, потврдувате дека сте запознаени со системот за “Колачиња” кои ги паметат внесени податоци, а интернет платформата www.vendor.com.mk и нејзиниот сопственик, Друштвото за производство, трговија и маркетинг услуги Вендор ДООЕЛ Скопје, истите ги користи за да обезбеди побрзо и поефикасно пристапување кон платформата.

Сето наведено подразбира дека Вие сте одговорни за Вашиот кориснички профил и материјалите кои ќе бидат поставени на Вашата е-продавница. Секое нарушување на наведените правила и услови значи дека интернет платформата www.vendor.com.mk и нејзиниот сопственик, Друштвото за производство, трговија и маркетинг услуги Вендор ДООЕЛ Скопје, има право да Ви го откаже користењето на е-продавницата.

## 2.АКТИВИРАЊЕ НА КОРИСНИЧКИОТ ПРОФИЛ

Физичкото или правно лице кое ќе се регистрира како корисник на интернет платформата www.vendor.com.mk и ќе отпочне процес за изработка и изнајмување на е-продавница е договорна страна и обврзник за исплата на надоместоците за изнајмување и користење на е-продавницата предвидени со Ценовникот за изработка и користење на е-продавница.

Креирање на кориснички профил односно Vendor MultiPass на интернет платформата и изработка и користење на е-продавница на интернет платформата www.vendor.com.mk се врши со внесување на неопходните податоци за креирање на корисничкот профил и тоа:

-Име и презиме доколку станува збор за корисник физичко лице и Назив на друштвото/Име на продавницата доколку станува збор за корисник правно лице;

-Постоечки телефонски број;

-Постоечка адреса за е-пошта;

-Креирање на лозинка;

**Начини на плаќање**

Користење на креираната е-продавница ќе биде можно и дозволено единствено по извршена уплата на надоместокот за користење на е-продавницата на еден од начините за плаќање.

Корисникот може да склучи и годишен договор за користење на електронската продавница.

Корисникот може да ја реализира уплатата на следните начини: Преку уплата на генерирана фактура од страна на Сопственикот на платформата или преку плаќање со електронска платежна картичка преку системот за наплата на www.vendor.com.mk платформата.

**Плаќање со фактура**

За користење на е-продавницата, Сопственикот на платформата му генерира на корисникот на услугата Фактура за месечен или годишен надоместок. По реализација на уплатата се врши активирање на услугата- Користење на е-продавница.

Плаќањето на надоместокот врз основа на издадена фактура се врши од сметката на корисникот на профилот на сметка на сопственикот на интернет платформата www.vendor.com.mk, Вендор ДООЕЛ Скопје, со наведување на “надомест за користење на е-продавница” како цел на дознака и повикување на бројот на фактурата, при што плаќањето се врши согласно рокот наведен со издадената фактура.

По извршената исплата на надоместокот од предвидениот начин, се дозволува користењето на е-продавницата на интернет платформата www.vendor.com.mk за периодот за кој е извршена уплатата, сметано од датумот на креирање на корисничкиот профил и е-продавницата.

**Плаќање со електронска платежна картица**

Плаќањето преку електронска платежна картица се врши автоматски со задолжување за износот на надоместокот и негово префрлање од електронската платежна картица, сопственост на корисникот на профилот или внесена од страна на корисникот на профилот, на сметката на сопственикот на интернет платформата www.vendor.com.mk, Вендор ДООЕЛ Скопје.

При непостоење на средства на електронската платежна картица, корисникот е согласен на сопственикот на интернет платформата www.vendor.com.mk, Вендор ДООЕЛ Скопје, без одлагање да изврши задолжување за неплатениот, а доспеан износ, на електронската платежна картичка, сопственост на корисникот, и истото да трае се до исплатата на задолжениот износ.

По извршената исплата на надоместокот на предвидениот начин, се дозволува користење на е-продавницата на интернет платформата www.vendor.com.mk за периодот за кој е извршена уплатата сметано од датумот на креирање на корисничкиот профил и е-продавницата.

## 3.ПРАВА НА СОПСТВЕНИКОТ НА ПЛАТФОРМАТА

Со прифаќање на УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ корисникот изречено изјавува дека е согласен Сопственикот на платформата да може во било кое време да да ги промени Условите на користење без достава на известување до корисникот.

Новите Услови на користење стапуваат на сила во оној момент кога ќе бидат јавно објавени од страна на сопственикот на платфомата на самата платформа или на социјалните медиуми поврзани со платформата, а корисникот се обврзува дека од моментот на објава, ќе се придржува до новите услови.

Корисникот прифаќа и изјавува дека промената на Условите за користење на е-продавницата не претставува измена на договорот за користење на е-продавницата и доколку до истите не се придржува, согласен е Договорот да биде еднострано раскинат од страна на сопственикот на платформата.

Сопственикот на платформата може, но нема обврска, да отстранува материјали и објави од е-продавницата доколку смета дека со истите се нарушува политиката на работење на сопственикот на платформата или доколку смета дека материјалите и објавите се спротивни на законодавството на РСМ и со нивното поставување или објавување би се нанело штета на сопственикот на платформата.

## 4.ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СОПСТВЕНИКОТ НА ПЛАТФОРМАТА

Корисникот на е-продавницата изречно изјавува дека за сите прекршувања на позитивните прописи на РСМ извршени преку активности на сопственикот на е-продавницата, сопственикот на платформата не сноси никаква одговорност.

Корисникот на е-продавницата изречно изјавува дека за сите загуби на профит поради недоволна продажба на стоки или услуги; или предизвикани штети поради преземање, копирање или злоупотреба на податоци објавени на е-продавницата, сопственикот на платформата не сноси никаква одговорност, и корисникот на е-продавницата се откажува од отпочнување на било какви постапки за надомест на штета предизвикана поради наведените причини.

Корисникот на е-продавницата изречно изјавува дека за штетите предизвикани со испорака на стоки или услуги со несоодветен квалитет; или со неиспорака на нарачани и платени стоки или услуги до потрошувачите или поради ненавремена испорака на нарачани стоки или услуги до потрошувачите, одговорни се исклучиво сопствениот на е-продавницата и лицата (физички или правни) за достава ангажирани од негова страна, односно сопственикот на платформата нема никаква одговорност за штетите предизвикани со испорака на стоки или услуги со несоодветен квалитет; или за штети предизвикани со неиспорака на нарачани и платени стоки или услуги до потрошувачите или поради ненавремена испорака на нарачани стоки или услуги до потрошувачите.

## 5.СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Со читање, разбирање и прифаќање на Условите за користење корисникот го отпочнува автоматизираниот процес за изработка и отворање на е-продавница што завршува со склучување на Договор за отворање и користење на унифициран тип на е-продавница.

## 6.ПОСЕБЕН ТИП НА Е-ПРОДАВНИЦА

Корисникот може да одбере изработка на посебен тип на е-продавница прилагодена на неговите потреби.

Изработката на посебен тип на е-продавница се врши по претходно доставено барање за изработка на посебен тип на е-продавница при што корисникот ја прифаќа цената за изработка и надомест за користење на посебен тип на е-продавница предвидена со Ценовникот за изработка и користење на е-продавница на Друштвото.

## 7.РЕКЛАМАЦИИ НА УСЛУГИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА Е-ПРОДАВНИЦА

Сите забелешки за технички проблем, недостатоци или на услугите за користење на е-продавница корисникот е должен да ги доставува на адресата на е-пошта отворена за таа намена и тоа: support@vendor.com.mk

Забелешките се доставуваат најдоцна во рок од 7 (седум) дена од настанатиот технички проблем, недостаток или пречка при користење на услугите, а сопственикот на платформата е должен да отпочне со отстранување на техничкиот проблем, недостаток, или прекин на услугата за користење на е-продавницата веднаш по приемот на рекламацијата.

## 8.ПРЕСТАНОК НА КОРИСНИЧКИОТ ПРОФИЛ

Корисничкиот профил може да биде откажан од страна на сопственикот на платформата доколку корисникот не се придржува до Условите за користење на интернет платформата www.vendor.com.mk или доколку корисникот ја користи е-продавницата за продажба на производи или услуги што се забранети согласно законодавството на РСМ или доколку е-продавницата не се користи за продажба на стоки или услуги туку преку истата се прикажува навредлива и штетна содржина за Друштвото или за трети лица или поради други случаи за кои Друштвото смета дека со користењето на е-продавницата се нанесува или може да се нанесе штета од страна на Корисникот.

При постоење на еден од основите за престанок на користењето на е-продавницата, прекинот на услугата се врши со достава на е-порака од страна на Друштвото до адресата на е-пошта на Корисникот пријавена за комуникација со Друштвото.

Престанокот на услугата за користење на е-продавницата настапува веднаш по приемот на доставата на известувањето на е-пошта.

Со престанокот на услугата, Друштвото има право веднаш да ја отстрани е-продавница од интернет платформата www.vendor.com.mk, при што Корисникот нема право на надомест на штета по ниту еден основ.